Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), го промовираше извештајот **О гледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони**. Оваа анализа се состои од два дела. Во првиот дел е **оценета отвореноста на органите на државна управа во комуникацијата со јавноста, во поддршката на граѓанските организации и во отвореноста при подготовка на конкретни предлог закони**. Резултатите од следењето на **минимумот стандарди и запазувањето на временскиот рок за консултации** за објавените предлог-закони на Единствениот национален електронски регистар на прописи ( ЕНЕР ) се предмет на анализа во вториот дел.



Извештајот констатира **отсуство и опаѓање на проактивноста на органите на државна управа за комуникација со јавноста. Просечната оцена** на комуникациската средина на институциите и степенот на отвореност е оценет со просечна оцена 3,19, која претставува намалување споредено со оцената во 2012 од 3,47. **Поддржувачката околина за учество на јавноста во подготовката на законите е незначително подобрена** и таа сега е оцената со просечна оцена 3. за разлика од 2012 кога е оценета со 2,65. Позитивно е зголемувањето на вклученоста на граѓанскиот сектор при следење и оцена на спроведување на предлог-закони што се должи на поголемиот број министерства кои одговориле дека вклучуваат претставници на ГО во следење и оцена на спроведувањето на законите.

Што се однесува до процесите на подготовка на предлог-закони, забележано е минимално подобрување. Вкупната просечна оцена изнесува 3,1 во споредба со 2,6 во 2012 г. Забележано е и подобрување во начинот на споделување на информацијата за процесот на подготовка на предлог-законот. Комплетноста на содржината за

информација на процесот на подготовка на предлог-законот е на слично ниво споредбено со 2012. Праксата на **непрепознавање на експертизата на граѓанскиот сектор** за подготовка на стручни текстови продолжува, а забележано е подобрување на почитувањето на временската рамка за консултации, иако главно станува збор за предлог-закони достапни по меѓусекторско усогласување. **Вклучувањето на јавноста во текот на спроведувањето на консултации за конкретно избраните предлог-закони кои се следеле, бележи подобрување.**
Постапката од оцена 2 во 2012 г., оценета е со 3,2 во 2013/14. Повратниот одговор од министерството на предлозите и коментарите од граѓанскиот сектор станува почеста практика.



**Министерството за труд и социјална политика е најдобро оценето**, а оценка 4 добиле и Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за култура.

Во периодот на следење (1 октомври 2014 г. до 30 септември 2014) на ЕНЕР беа објавени вкупно 201 предлог-закон. Анализата констатира дека Министерствата не објавуваат голем дел од предлог-законите на ЕНЕР. Во периодот на известување има вкупно 381 закон кои влегле во собраниска постапка, а 201 биле објавени. Покрај тоа, следењето на консултативниот процес е отежнато со неажурирањето на податоците на ЕНЕР и недостапноста на записниците од седниците на Владата. **Минималниот рок за консултации е половично почитуван**
, а министерствата најчесто ги објавуваат комплетните документи за консултации. Од друга страна,
**интересот на јавноста за коментирање на ЕНЕР е мал**
. Во периодот на следење се поставени само 28 коментари за 15 од вкупно 201 објавени предлог-закон. Министерствата во две третини од случаите не даваат повратен одговор на коментарите. Во истиот период министерствата дале само девет повратни одговори на вкупно 28 поставени коментари (32%).

Анализата е подготвена во рамките на проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“ како дел од Програмата на УСАИД за антикорупција. Проектот „ Огледало на Владата “ за прв пат беше спроведен во 2012 година од страна на МЦМС.

```
(function(d, s, id) { var js, fjs = d.getElementsByTagName(s)[0]; if (d.getElementById(id)) return; js = d.createElement(s); js.id = id; js.src = "//connect.facebook.net/en_US/all.js#xfbml=1"; fjs.parentNode.insertBefore(js, fjs); }(document, 'script', 'facebook-jssdk'));
```

Post by Македонски центар за меѓународна соработка .